| Наслов на активноста | | Кои сме ние | |
|---|---|---|---|
| **Времетраење ( ориентационо)** | 40 минути | **Одделение** | VII |
| | | | |
| **Цели:** | | - Меѓусебно запознавање на учениците<br>- Да можат да идентификуваат позитивни особини/карактеристики | |
| **Потребни материјали:** | | - Бела хартија<br>- Кутија<br>- Фломастери, боички, молив | |
| **Детален опис на активноста:** | Воведни активности: | Наставникот ги седнува учениците во круг. Најпрвин наставникот се претставува, кажувајќи го своето име и своето омилено животно. Еден ученик, по избор на наставникот, треба да го каже своето име и омилено ивотно, како и името на наставникот и неговото омилено животно. Ученикот до него треба да ги каже своите информации, информациите на претходното другарче и на наставникот, и играта продолжува по тој редослед, се додека не поминат сите ученици. | |
| | Главна активност: | Наставникот објаснува дека секој од учениците треба внималтелно да размисли и да избере едно животно со кое може самиот да се поистовети, фокусирајќи се на позитивните карактеристики на самото животно. Додека ја работат оваа активност, наставникот ги надглеува и обезбедува помош доколку е потребно.<br>Откако сите ученици ќе завршат со цртањето, Секој ученик го стаав својот цртеж во затворена кутија. Потоа ,седнати во круг, секој ученик објаснува поради кои карактеристики на на животното се идентификува со нацртаното животно, меѓутоа не го покажува цртежот, ниту пак кажува за кое животно станува збор. | |
| | Завршна активност: | Еден по еден учениците извлекуваат по еден цртеж од кутијата, го именуваат животното, и ги набројуваат позитивните карактеристики на животното. Потоа се обидуваат да погодат кој ученик го има нацртано цртежот. | |
| **Забелешка** | | | |

This project was approved and funded with the support of the European Commission. This document reflects only the views of the author and the European Commission cannot be held responsible for any use which may be made of the information, contained therein.